„Член 104

Предлогот на Буџетот на Општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на Општината за донесување не подоцна од 15 дена пред денот на одржувањето на седницата на која се донесува Буџетот.

Советот на Општината го донесува Буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година, по сметки, по потпрограми и по ставки.

Доколку Советот на Општината не го донесе Буџетот на Општината до 31 декември во тековната година, должен е да донесе одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година.“.

Член 4

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 5430/30
30 август 2019 година
Куманово

**Совет на Општина Куманово**
Претседател,
Атина Мургашанска